Прирачникот е пишуван наменски и по определена програмска шема, јасна и разбирлива за воспитувачите и произлегува од основното прашање кое се однесува на можноста за користење прирачник за математика како предуслов за квалитетен воспитно-образовен процес, во предучилишната установа.

Прирачникот е наменет за најодговорните за воспитание и образование на децата од најрана возраст, а тоа се, пред сè, родителите, а потоа вторите мајки, како што се нарекуваат, воспитувачите, наставниците и сите оние кои се грижат за правилен раст и развој на децата на нашата иднина.

Всушност, се работи за успешно помагало кое третира актуелна проблематика во воспитанието. Во секој случај овој прирачник со својата концепциска и содржинска поставеност внесува свежина, но истовремено нуди и своевидна тежина во проучување на педагошката практика.

**проф. д-р Емилија Петрова Ѓорѓева**

Прирачникот „Математика низ игра, збор и разговор“ 4 – 6 години е наменет за работа со деца од предучилишна возраст и ќе биде од голема помош не само за воспитувачите од детските градинки, туку и за родителите.

Бидејќи е изработен од практичари–воспитувачи, стручни работници, како и од професори од ФОН при УГД, гарантирано е дека ќе најде голема примена од страна на воспитувачите, но и на родителите на оваа категорија деца.

Авторите се потрудиле преку примената на овие игри кај децата да развијат мотивација за играње, читање, развивање стратегии за логичко размислување, градење ставови и стекнување позитивни навики сè со цел стимулирање на развојот кај предучилишното дете. Дадените активности кај децата ќе развијат креативност и инвентивност доколку се применуваат соодветно. Секако, останува на воспитувачите самите да направат процена за тоа која игра и на кој начин ќе ја применат кај децата, а да се добијат најдобри резултати.

Очекувам дека овој прирачник ќе биде од голема корист како за воспитувачите така и за родителите.

И, секако, да не заборавиме дека е потребно големо срце за да се обликуваат малите умови.

**Билјана Трајчевска**
проф. по предучилишно воспитание
ОЈУДГ „Астибо“, Штип

9786082285085
511173

ПРОСВЕТНО ДЕЛО

Е. СИМОНОВСКА, М. СТОЈАНОВА, Ц. НАКОВСКА, С. МИРАСЧИЕВА
Ј. КУКУШЕВА, К. ТРАЈКОВА, С. ЈОВАНОВА-МИТКОВСКА

# МАТЕМАТИКА

## НИЗ ИГРА, ЗБОР И РАЗГОВОР

3 8 9 2 7

**ПРИРАЧНИК**
за воспитувачи и родители
за деца од 4 до 6 години

Елизабета Симоновска, Магдалена Стојанова, Јасминка Кукушева,
Катица Трајкова, Цветанка Наковска, проф. д-р Снежана Мирасчиева,
проф. д-р Снежана Јованова-Митковска

# МАТЕМАТИКА НИЗ ИГРА, ЗБОР И РАЗГОВОР

## за деца од 4 до 6 години
## (прирачник за воспитувачи и родители)

ПРОСВЕТНО ДЕЛО

МАРТ 2021

„Образованието не е учење факти, туку тренинг на умот да мисли.“

Алберт Ајнштајн

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД** ........................................................................................................ 7

**1. Математиката кај деца од предучилишна возраст** ...................... 9

**2. Интеграциско-корелациски концепти во реализација на математичката едукација со децата од предучилишна возраст** ............. 12

**3. Играта во функција на развој на почетни математички поими** ..... 14

**4. Воспитно-образовни активности** ................................................ 17

4.1. Здравје и моторен развој ..................................................... 18

4.2. Социо-емоционален развој ................................................... 49

4.3. Јазик, комуникација и развој на писменост ............................. 55

4.4. Когнитивен развој .................................................................. 66

4.5. Пристап кон учење ................................................................. 89

4.6. Мемориски картички .......................................................... 110

4.7. Соработка со родителите .................................................... 120

**5. Размислувања наместо заклучок** ........................................... 122

**6. Користена литература** ............................................................. 126

# ПРЕДГОВОР

Поаѓајќи од фактот дека развојот на детето и стекнувањето знаења во предучилишниот период се одвива интегрирано и заемно поврзано, во овој прирачник приложивме спектар на игри и активности кои ќе ги опфатат сите развојни домени на детската личност и ќе му овозможат на детето да се развива и да стекнува вештини и знаења преку математиката.

Прирачникот е изработен од стручни работници и воспитувачи од детската градинка „Астибо“ и професори од ФОН при УГД од Штип – професионалци, практичари од областа на предучилишното воспитание и образование и им е посветен на најодговорните за воспитанието и образованието на децата од најрана возраст, а тоа се, пред сè, родителите, а потоа вторите мајки како што ги нарекуваат: воспитувачите, наставниците и сите оние кои се грижат за правилен раст и развој на децата, нашата иднина.

Активностите кои ги предлагаме се само дел од можностите што секојдневно можете да ги планирате и да ги организирате, со што сакаме да ги инспирираме сите воспитувачи, наставници, родители и секој што сака да го поттикне развојот на децата од најрана возраст да ја искористи својата креативност во создавање нови активности со кои ќе им помогне на децата во процесот на стекнување знаења и вештини применливи во подоцнежниот образовен процес и севкупен развој. Сите понудени активности се реализирани со децата во групите во кои работат авторите на овој прирачник.

Содржините и активностите понудени во прирачникот во целост се во согласност со Програмата за рано учење и развој, Програмата за рано учење и развој за деца со пречки во развојот и Стандарди за рано учење и развој кај деца од 0 до 6 години, кои се основни документи за планирање и реализација на воспитно-образовните содржини во предучилишните установи.

Самата концепција на прирачникот овозможува јасно разбирање на концепцијата на основните документи за работа во предучилишните установи, од една страна, како и поттикнување идеи за планирање и реализација на воспитно-образовниот процес, од друга страна. Активностите понудени во текстот читателот треба да ги сфати како еден од начините на планирање и реализација на воспитно-образовната работа, да ги приспособи на условите во кои работи, како и на потребите, можностите и интересите на децата со кои работи. Во исто време, можат да помогнат во процесот на евалуација на сопствената работа, како и планирање и унапредување на следните активности.

Се надеваме дека прирачникот ќе им помогне на корисниците за поефикасно и поквалитетно планирање, реализирање и вреднување на сопствената работа.

**Од авторите**

# ВОВЕД

Научно е докажано дека периодот во развојот на детето во првите пет е најважен на свет, односно во овој период започнува сѐ. Не би сакале да ги оптоваруваме корисниците на овој прирачник со наука, затоа што тоа го слушаат и го среќаваат секојдневно, туку со активности кои се покажале како поттикнувач за развојот на големите потенцијали кои ги има секое дете во најраната возраст. Ако разгледате низ литературата, играта секаде е основна активност за поттикнување на севкупниот развој на детето. Долгогодишното искуство како практичари покажа дека децата од предучилишна возраст со радост и задоволство ги очекуваат активностите „по математика“, им се радуваат и активно учествуваат во нив. Нема дете кое не ги дели овие среќни моменти додека е во градинка, но подоцна во образовниот систем сведоци сме на потешкотии со кои се среќаваат децата, дури манифестација на одбивност кон учество во активности посветени на усвојување и стекнување вештини и сознанија од оваа област.

Најважно од сѐ, математиката е насекаде околу нас и со секојдневно создавање и користење игровни активности само ќе им помогнеме на децата полесно да ги забележуваат разликите, да ги развијат мисловните процеси, да имаат можност за осознавање причинско-последични врски и односи во секојдневниот живот.

Почитувани корисници на овој прирачник, дали некогаш сте се запрашале или сте размислувале за тоа што сѐ се развива кај детето преку само една игра?

Како илустрација ќе ја спомeнеме играта Не лути се човече.

Кои математички поими и релации детето ги осознава и ги учи на еден едноставен, забавен начин преку оваа игра? Одговорот е следниот:

Прво ги препознава и правилно ги именува боите на формите кои ги користи во играта, ги препознава и учи да ги брои точките на коцката кои заменуваат број, формата коцка, броење до шест, при движење по полињата учи правилно да брои, ги осознава релациите напред – назад, пред – зад, редните броеви (прв, втор, трет итн.), ги запознава правилата на игра и се труди да ги почитува заедно со сите учесници во играта, координација на движењата око – рака при фрлањето на коцката, фината моторика за манипулација со ситни предмети – фигурите од играта, се развива говорот со тоа што се поттикнуваат децата гласно да бројат, да го именуваат бројот, бојата на полето каде што треба да се движи фигурата итн.

Веруваме дека ретко кога сме свесни за можностите што ги нудат сите игри без исклучок, но сакаме да ве поттикнеме и вас, родителите, воспитувачите и сите кои се грижите за правилен раст и развој на децата во предучилишниот период, со промена на начинот на планирање и пристапот кон работата, со секојдневна примена на активностите преку игра децата да ги усвојат основните математички поми, релации односи, кои ќе им помогнат во развој на мисловните процеси и севкупниот развој. Ова го истакнуваме од причина што долгогодишната пракса го потврдува фактот дека поголем дел од децата не го знаат значењето и правилната примена на одредени просторни релации во секојдневните

активности, иако во периодот кога се обработувале како програмски воспитно-образовни содржини ги именувале и практично ги применувале. Затоа е неопходно секојдневното и постојано акцентирање и применување на бројните математички поими, релации низ различните воспитно-образовни содржини и активности.

Идејата за создавање на овој прирачник произлезе после добиените резултати од реализацијата на проектните активности во сите воспитни групи низ сите воспитно-образовни содржини посветени на математиката насловени како „Математика секаде околу нас“, „Математика лесна како песна“, „Во светот на математиката“... Активностите кои се понудени во прирачникот се користени при реализација на воспитно-образовните содржини во нашата установа ОЈУДГ детска градинка „Астибо“ од Штип, и, секако, резултатите не изостанаа во напредувањето на децата. Би сакале да кажеме дека во секоја активност од сите развојни домени се среќава математиката, само во прашање е начинот на нејзина реализација и посветеност на внимание во поттикнување на децата за осознавање на математичките поими, релации, стекнување вештини за споредба, класификација, серијација, просторна ориентација..., за што сме повикани ние возрасните, воспитувачите, родителите и сите кои професионално практикуваат воспитно-образовна работа со деца.

Важно е да се напомене дека при остварување на целта, сите активности без исклучок, го поттикнуваат севкупниот развој на децата затоа што во себе имаат активности преку кои треба да се обои нешто, да се исече, да се спореди, да се именува или да се научи нов израз – поим, со што сè е испреплетено меѓусебно и подеднакво важно. Само креативноста, подготвеноста на воспитувачот за реализација на планираната активност ќе ги даде очекуваните резултати и постигнување на развојните стандарди. Креативноста на воспитувачите, на родителите и на останатите корисници на овој прирачник ќе овозможат понудените активности да ги модифицираат, да ги приспособат, да ги прошират во понудените начини на реализација или, пак, во друг развоен домен.

Предложените активности се напишани како начин за реализација, и е оставена можност секој со свое видување со раскажување приказна, искуствени предзнаења, креативноста на корисниците воспитувачи, на родителите да ги збогати, да ги приспособи и примени во својата работа со децата.

За македонското издание:
Издавач ПРОСВЕТНО ДЕЛО - Скопје

За издавачот:
**м-р Павле ПЕТРОВ**
генерален директор

Главен уредник:
**Весна ДУКОСКА**

Одговорен уредник:
**Ксенија ТРАЈЧЕВА**

Автори:
**Е. СИМОНОВСКА, М. СТОЈАНОВА, Ј. КУКУШЕВА, К. ТРАЈКОВА, Ц. НАКОВСКА, С. МИРАСЧИЕВА, С. ЈОВАНОВА-МИТКОВСКА**

Рецензенти:
**проф. д-р Емилија ПЕТРОВА ЃОРЃЕВА**
**Билјана ТРАЈЧЕВСКА**

Лектура и коректура:
**Ивана КОЦЕВСКА**

Дизајн на корица:
**Никола ЦИЛАКОВ**

Компјутерска обработка:
**Никола ЦИЛАКОВ**

Технички уредник:
**Натали НИКОЛОВСКА**

За Република Северна Македонија
МАТЕМАТИКА НИЗ ИГРА, ЗБОР И РАЗГОВОР,
Прирачник за воспитувачи и родители на деца од 4 до 6 години
2021 Просветно дело АД. Сите права се задржани.
ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 15 - Скопје

ISBN: 978-9989-0-1272-3

Печати: печатница „Напредок“
ул. „120“ бр. 1 - Тетово

I издание
тираж: 500
2021

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

373.2.091.3:51-8(035)
373.2.015.31:793(035)

МАТЕМАТИКА низ игра, збор и разговор : за деца од 4 до 6 години : (прирачник за воспитувачи и родители) / Елизабета Симоновска ... [и др.]. - Скопје : Просветно дело, 2021. - 127 стр. : илустр. ; 30 см

Други автори: Магдалена Стојанова, Јасминка Кукушева, Катица Трајкова, Цветанка Наковска, Снежана Мирасчиева, Снежана Јованова-Митковска. - Библиографија: стр. 126-127

ISBN 978-608-228-508-5

1. Симоновска, Елизабета [автор] 2. Стојанова, Магдалена [автор] 3. Кукушева, Јасминка [автор] 4. Трајкова, Катица [автор] 5. Наковска, Цветанка [автор] 6. Мирасчиева, Снежана [автор] 7. Јованова-Митковска, Снежана [автор]
а) Математика -- Предучилишно воспитание и образование -- Наставни методи -- Игра -- Прирачници б) Предучилишни деца -- Развој -- Учење низ игра -- Прирачници

COBISS.MK-ID 55160325